СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# УЧИЛИШНА ПРИДРУЖБА И СТРУЧНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

- компаративен преглед -

Александра Стојановска Бизевска

Советник - истражувач по владеење на правото и демократијата

ноември, 2021 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД..... 3
I.Република Северна Македонија..... 3
II. Република Словенија ..... 5
III. Република Хрватска ..... 6
IV. Република Србија..... 7
V. Република Естонија ..... 8
VI. Кралство Шведска..... 9
VII. Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ..... 11
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 14

**РЕЗИМЕ**

Со компаративниот преглед се опфатени 7 држави, Република Северна Македонија, Словенија, Хрватска, Србија, Естонија, Шведска и Велика Британија, и **се разгледува прашањето за поддршка на учениците со посебни потреби, во текот на наставата во основното образование**. Обезбедување поддршка на инклузивното образование е тесно поврзана со обезбедувањето на правата на сите ученици на висококвалитетно инклузивно образование, и истото е законски уредено и предвидено. **Северна Македонија и Србија имаат предвидено лични асистенти, или придружник, Словенија, Естонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, имаат дополнителна стручна помош.** Во Србија и Хрватска се предвидуваат **два пристапи за стручната помош, индивидуална и групна**. Хрватска со индивидуализираната програма, предвидува редовна програма со индивидуализиран пристап и посебна програма со индивидуализиран пристап. **Начинот на кој се обезбедуваат лицата кои ја пружаат посебната поддршка за учениците со посебни потреби е различен во сите држави.** Во Хрватска редовната програма со индивидуализиран пристап ја спроведува **самиот наставник**, додека посебната програма со индивидуализиран пристап ја спроведува воспитниот рехабилитатор, заедно со наставникот. Шведска обезбедува **стручни лица** преку „Шведската агенција за посебни образовни потреби и училишта“. Северна Македонија и Србија, личните асистенти ги обезбедуваат преку **ресурсни центри**, кои располагаат со кадар за професионална поддршка на деца, студенти и возрасни со попреченост и други образовни институции. Во Велика Британија дополнителната поддршка е организирана преку **посебна интернет платформа**,организирана од страна на синдикално образовно здружение, од каде се регрутираат кадрите, наречени „Асистенти на наставникот“, кои, исто така, овозможуваат индивидуален или групен пристап кон давањето на дополнителната помош на ученикот. Во однос на **видот на образованието** на личните асистенти во нашата држава, преовладуваат дефектолози, психолози и одделенски наставници од самата наставна дејност, како и помал процент на асистенти со средно образование. Во Словенија, Хрватска, Естонија и Србија, дополнителната стручна поддршка и асистенција на учениците со посебни потреби ја извршуваат едукативен рехабилитатор, логопед, социјален педагог, психолог, дефектолог, андрагог и социјален работник. Во **Словенија, дополнителната стручна помош може да се спроведува и во домашни услови.**

## ВОВЕД

**Предмет на оваа истражувачка работа се** начините и формата на училишната и стручната поддршка во основното образование, за деца со посебни потреби, согласно воспоставеното инклузивно образование во државите. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени во редовниот начин на настава, и истите се прифатени од наставниот кадар и средината, со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие, без оглед на нивните потенцијали или слабости во некои области, се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во наставните и воннаставните програми на училиштето. Поради тоа, државите прават напори во различни форми и организација, да го доближат вообичаениот начин на школување и кај децата со посебни потреби и инвалидитети и доколку е возможно и изводливо, и тие ученици да бидат дел од секојдневните наставни програми, предвидени за регуларните основни училишта. Во случаи кога се идентификуваат поголеми потешкотии за учество во воспитно-образовниот процес, секое училиште треба да ги идентификува бариерите за учење со кои се соочува ученикот и да понуди соодветни стратегии за нивно надминување. На овој начин се овозможува, секој ученик да има пристап до наставата и учењето, како и учество и постигнувања во согласност со неговите потенцијали и можности. Училишните инклузивни тимови, покрај постојаниот стручен кадар на училиштита, се засилува и со дополнителна стручна помош и поддршка, преку воспоставувањето на образовните лични асистенти во училиштата, како секојдневна помош на ученикот во текот на наставата и реалзирањето на училишните задачи.
Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. **Република Северна Македонија**

**Со Законот за основното образование**[1] **и со Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на Селекција и избор на образовен/личен асистент**[2] пропишана е можноста за обезбедување на образовен личен асистент за поддршка на учењето за учениците со попреченост. Од први септември, во образовниот систем за првпат, од страна на државата предвидено е да **се ангажираат 500 образовни асистенти кои ќе обезбедат поддршка за учениците со попреченост вклучени во редовната настава, како ново системско решение „образовна асистенција“** за градење на инклузивна клима во училниците, која подразбира еднакво право на

[1] Член 19 од Законот за основното образование на РСМ, https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf (пристапено на 3.11.2021 год)
[2] Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на Селекција и избор на образовен/личен асистент
https://dip.gov.mk/wp-content/uploads/2021/04/2021_pravilnik_nachin-na-pobarauvanje-asistenti.pdf
(пристапено на 3.11.2021 год)

образование за секое дете. Образовните асистенти се вработени во петте основни училишта со ресурсен центар, за чија исплата се обезбедуваат средства преку буџетот на Министерството за образование и наука (МОН) за 2021 година, а се обезбедени 59 милиони денари. Дополнително, основните училишта со ресурсни центри добија 2,5 милиони денари за набавка на опрема и дидактички средства во функција на поддршка на инклузивното образование.[3] За таа цел МОН распиша јавен оглас за вработување на образовни лични асистенти, во неколку ресурсни центри низ државата.[4] Со јавен повик, а по претходно добиена согласност од Министерството за образование и наука[5], се врши селекција и избор на образовен личен асистент, од страна на петчлена комисија од редот на вработените во училиштето, заедно во соработка со ресурсен центар. Училиштата со ресурсни центри се училишта кои вработуваат образовни лични асистенти. Општинските основни училишта барањата за обезбедување образовни/лични асистенти ги доставуваат до основните училишта со ресурсен центар, според однапред утврдената реонизација.[6] **Образовните и личните асистенти се вработуваат на определено време од страна на училиштата со ресурсен центар.** Доколку на ниво на општина нема основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка, поддршка на учењето на учениците со попреченост се обезбедува од најблиското основно училиште со ресурсен центар или од училиште со центар за поддршка од најблиската општина.[7] **Воведувањето на образовни лични асистенти започнува во рамки на проектот за Програмата за општинско-корисна работа под наслов „Лични и образовни асистенти на ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес“**. Проектот е поддржан и финансиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и локалната самоуправа, со кој образовните асистенти ќе им помагаат на учениците со потешкотии при совладување на наставната програма.[8] Според истражувањето на Бирото за развој на образованието (Сектор за истражување во образованието), за состојбите до 2018 година[9], вкупно 54 основни училишта пријавиле дека за помош и поддршка на ученици со посебни образовни потреби имаат лични асистенти; 21 училиште имаат по 1 асистент; 19 училишта по 2; три училишта имаат по 3 лични асистенти; 3 училишта имаат по 4 асистенти; едно училиште има 5 асистенти; едно училиште има 6 асистенти и две училишта

[3] Интернетска страница на Влада на РСМ https://vlada.mk/node/26176 (пристапено на 3.11.2021 год.)
[4] Интернетска страница на Министерство за образование и наука https://mon.gov.mk/content/?id=4139 (пристапено на 3.11.2021 год)
[5] Член 19, став 3 и 5 од Законот за основното образование на РСМ https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf (пристапено на 3.11.2021 год)
[6] Член 3 и 4 од Правилникот за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на Селекција и избор на образовен/личен асистент https://dip.gov.mk/wp-content/uploads/2021/04/2021_pravilnik_nachin-na-pobarauvanje-asistenti.pdf (пристапено на 3.11.2021 год)
[7] Член 19, став 7 и 8 од Законот за основното образование на РСМ https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf (пристапено на 3.11.2021 год)
[8] Интернетска страница на Министерство за труд и социјална политика https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-pocna-implementacijata-na-programata-opshtinsko-korisna-rabota.nspx (пристапено на 3.11.2021 год.)
[9] Страница 145 и 146 од публикација за истражувањето на Бирото за развој на образованието- „Актуелната состојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Северна Македонија“ https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Aktuelna-sostojba-na-inkluzija-na-deca-so-posebni-obrazovni-MK.pdf (пристапено на 3.11.2021 год.)

пријавиле по 9 асистенти. Во однос на професијата на личните асистенти се воочува широк дијапазон на професии од кои со најголем процент или 34,8 % се застапени дефектолози, 17,9 % се со професии со средно стручно образование, 17,8 % се психолози, 10,7 % се одделенски наставници. Со помал процент се застапени: социјален работник, педагог, предметен наставник, воспитувач, филолог, филозоф, јавна администрација, социолог, лица во роднинска врска со децата со посебни образовни потреби (мајка, баба или сестра). Во однос на поседување сертификат за посетена обука 74,8 % одговориле дека немаат сертификат и 25,2 % дека имаат сертификат за посетена обука за лични асистенти. За тоа од кого се ангажирани или финансирани личните асистенти, 38,3 % од директорите го навеле семејството, а 61,7 % општината. Одговорите на директорите на училиштата во однос на активностите во кои се вклучени лични асистенти се следни: 92,2 % се дека личните асистенти му помагаат на ученикот со посебни образовни потреби во извршување на задачите за време на часовите, 80 % дека му помагаат на ученикот со посебни образовни потреби во извршување на задачите во воннаставните активности, 76,5 % дека му помагаат на ученикот со посебни образовни потреби во извршување на задачите во дополнителната настава, 69,5 % од директорите на училиштата одговориле дека личните асистенти им помагаат на учениците со посебни образовни потреби во извршување на физичките и седечките активности и со најмала застапеност или 59,1 % дека личните асистенти му помагаат на ученикот во одржувањето на личната хигиена. Од овие показатели може да се забележи дека **личните асистенти најголемо учество во помош на учениците со посебни образовни потреби имаат во извршувањето на задачите за време на часовите** што укажува дека личните асистенти во голема мера навлегуваат во компетенциите на педагошките асистенти, односно ја преземаат нивната улога во оваа мошне значајна активност за време на часот.

## II. Република Словенија

Со **Правилникот за дополнителна стручна и физичка помош за деца со посебни потреби**[10] се предвидува **дополнителна стручна помош или адаптирани програми за основно училиште или посебна образовна програма**, за ученици со посебни потреби на кои им е потребно адаптирано спроведување на основните училишни програми.

**Законот за основно образование** ги опфаќа учениците со посебни потреби, како **ученици на кои им е потребно адаптирано спроведување на основните училишни програми со дополнителна стручна помош** или адаптирани програми за основно училиште или посебна образовна програма. Учениците со потешкотии во учењето се ученици на кои им е тешко да постигнат стандарди на знаење без приспособување на методите и формите на работа во училницата. Училиштата ги прилагодуваат овие методи и форми на работа на овие ученици и им **овозможуваат да бидат вклучени во дополнителната настава и други форми на индивидуална и групна помош.**[11] Согласно Законот за основно

[10] Правилник за дополнителна стручна и физичка помош на деца со посебни потреби на Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV11835 (пристапено на 5.11.2021 год.)
[11] Член 12 и 12а од Законот за основно образование на Словенија http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO448 (пристапено на 5.11.2021 год.)

образование[12] во одделението во кое се опфатени ученици со посебни потреби, покрај наставникот може да учествува и наставник со соодветно специјално педагошко образование. Со адаптирани образовни програми и со посебна програма за образование може да се определи различно спроведување на воспитно-образовната работа и за учениците со посебни потреби. **Наставник за дополнителна стручна помош** може да биде лице кое поседува универзитетска студиска диплома по дефектологија, педагогија, психологија, социјална педагогија или специјална и рехабилитациска педагогија, има завршено магистерска студиска програма од втор циклус по социјална педагогија, специјална и рехабилитациска педагогија, психологија, педагогија, инклузивна педагогија или вклучување во образованието, или лице кое ги исполнува условите за наставник во образовната програма за основно училиште и има завршено програма за обука на наставници за дополнителна стручна помош.[13] Со **Законот за деца со посебни потреби**, се предвидува дополнителната стручна помош да може да се спроведува и во домашни услови, доколку не може да се обезбеди дополнителна стручна помош во предвидените институции и училишта.[14]

## III. Република Хрватска

**Со Правилникот за основно и средно образование за учениците со потешкотии во развојот**[15], се предвидува редовна програма на наставата со индивидуализиран пристап за ученици кои со потешкотија ја совладуваат редовната наставна програма без содржински ограничувања. **Редовната програма со индивидуализиран пристап** се спроведува во просториите каде што редовно се одвива наставата во училиштето, а ја спроведуваат наставници кои им предаваат и на останатите ученици.[16] Правилникот, исто така, пропишува и **посебна програма на наставата со индивидуализиран пристап кој претставува посебно структурирана содржина на наставните планови и програми изработени согласно можностите и способностите на учениците.** Посебната програма може да се однесува на неколку или на сите наставни предемети. Посебната програма со индивидуализирани процедури по сите наставни предмети, се спроведува во посебни училници на училиштето, а ја спроведува воспитен рехабилитатор и наставник.[17] Тимот кој ја спроведува индивидуализираната редовна и посебна програма на учениците во училиштата е стручен тим од експерти во воспитно-рехабилитациската област, како што се: едукативен рехабилитатор, логопед и/или социјален педагог, психолог, педагог и наставник обучени за работа со ученици со попреченост, а во тимот можат да

---

[12] Член 38, став 9 и 12 од Законот за основно образование на Словенија
http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO448
https://www.gov.si/drzavni-organi/ministrstva/ministrstvo-za-izobrazevanje-znanost-in-sport/zakonodaja/)
(пристапено на 5.11.2021 год.)

[13] Закон за организација и финансирање на образованието на Словенија;
http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO445 (пристапено на 5.11.2021 год.)

[14] Член 9, став 2 од Законот за деца со посебни потреби на Словенија
http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO5896 (пристапено на 5.11.2021 год.)

[15] Член 5 од Правилникот за основно и средно образование за учениците со потешкотии во развојот на Хрватска https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2015_03_24_510.html (пристапено на 12.11.2021 год.)

[16] Член 5, став 4 од Правилникот за основно и средно образование за учениците со потешкотии во развојот https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2015_03_24_510.html (пристапено на 12.11.2021 год.)

[17] Член 8, став 3 и 4 од Правилникот за основно и средно образование за учениците со потешкотии во развојот https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2015_03_24_510.html (пристапено на 12.11.2021 год.)

се приклучат и други експерти во зависност од потребите на учениците.[18] **Согласно Законот за образование во основно и средно училиште[19], за секоја активност која ја спроведува училиштето, мора да се обезбеди соодветна придружба за учениците со потешкотии**, во зависност од видот на нивните потешкотии. Трошоците за стручните тимови за децата со потешкотии во развојот, се обезбедени од локалната самоуправа.[20]

## IV. Република Србија

**Согласно Законот за осново образование и воспитување на Србија**[21], се предвидува ученикот со попреченост, основното образование и воспитание да ги стекне во училиште заедно со другите ученици, а доколку е подобро за самиот ученик, во училиштето за учениците со попреченост. Ученикот со пречки во развојот има **право на индивидуален образовен план**. За ученик на кој му е потребна дополнителна поддршка во образованието поради: пречки во развојот, специфични потешкотии во учењето, социјална исклученост и други причини, училиштето може да реализира **индивидуални часови преку програми за поддршка на деца и ученици со попреченост**.[22] За добивање дополнителна поддршка во образованието и воспитанието, директорот на училиштето, наставникот, стручниот соработник, воспитувачот, педагошкиот соработник и родител или друг законски застапник, може да добијат **посебна стручна помош во однос на спроведувањето на инклузивно образование и воспитание.** Заради остварување на дополнителна поддршка во образованието и воспитанието**,** училиштето соработува со единиците на локалната самоуправа, како и со училиштата за ученици со пречки во развојот и инвалидитет, односно со училишта кои имаат одделение за ученици со пречки во развој, со други организации, установи и институции на локално ниво. Посебна стручна помош можат да даваат лица со компетенции во областа на инклузивното образование и воспитание, како и училиштата кои со своите активности станале пример за добра практика во спроведувањето на инклузивното образование и воспитание.[23] Со **Законот за основите на образовниот систем и воспитанието**[24], се гарантира правото на образование и воспитание на лицето со пречки во развојот, со **индивидуална или групна дополнителна поддршка во наставата и учењето**, или во посебна група или училиште. Статусот на ресурсен центар, е статус со кој се стекнува установа која обезбедува професионална поддршка на деца, ученици и возрасни лица со попреченост, на

---

[18] Член 21, став 3 од Правилникот за основно и средно образование на ученици со потешкотии во развојот https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2015_03_24_510.html (пристапено на 12.11.2021 год.)

[19] Член 38, став 2 од Законот за образование во основно и средно училиште на Хрватска https://www.zakon.hr/z/317/Zakon-o-odgoju-i-obrazovanju-u-osnovnoj-i-srednjoj-%C5%A1koli (пристапено на 12.11.2021 год.)

[20] Член 143, став 6 од Законот за образование во основно и средно училиште на Хрватска https://www.zakon.hr/z/317/Zakon-o-odgoju-i-obrazovanju-u-osnovnoj-i-srednjoj-%C5%A1koli (пристапено на 12.11.2021 год.)

[21] Член 10 од Законот за основно образование и воспитување на Србија https://www.mpn.gov.rs/dokumenta-i-propisi/zakonski-okvir/ (пристапено на 17.11.2021 год.)

[22] Член 32, став 9 од Законот за основно образование и воспитување на Србија https://www.mpn.gov.rs/dokumenta-i-propisi/zakonski-okvir/ (пристапено на 17.11.2021 год.)

[23] Член 64, став 3 и 6 од Законот за основно образование и воспитување на Србија https://www.mpn.gov.rs/dokumenta-i-propisi/zakonski-okvir/ (пристапено на 17.11.2021 год.)

[24] Член 3, став 3 од Законот за основите на образовниот систем https://www.mpn.gov.rs/wp-content/uploads/2021/08/Zakon-o-osnovama-sistema-obrazovanja-i-vaspitanja.pdf (пристапено на 17.11.2021 год.)

нивните семејства и на другите образовни и воспитни институции**. Ресурсниот центар обезбедува и професионална поддршка** при изборот, примената и набавката на асистивни технологии во образованието и воспитанието и ги следи новите насоки за развој на поддршка на децата, учениците и возрасните со пречки во развојот и инвалидитет.[25] Во зависност од потребите на училиштето и програмата која ја остварува, дополнителна поддршка и стручна работа може да извршува и социјален работник, дефектолог, логопед и андрагог.[26] Стручните работи во училиштата за образование на ученици со пречки во развој и инвалидитет ги извршува стручен соработник: психолог, педагог, социјален работник, дефектолог, логопед, библиотекар и медијатекар[27]. Законот предвидува и личен придружник за ученикот во воспитно - образовната установа, кој има за задача да пружи помош на дете или ученик со пречки во развојот и инвалидност, во согласност со закон. **Личниот придружник е достапен за детето со попреченост или развојно нарушување**, на кое му е потребна помош за извршување на основните потреби во секојдневниот живот - движење, одржување на лична хигиена, хранење, облекување и комуникација со други, до завршување на редовното школување, вклучително и завршување на средно училиште. За помош на наставникот при пружање на дополнителна поддршка во наставата односно за остварување на образовно – воспитна работа, може да се образуваат стручни тимови на ниво на единиците на локална самоуправа.[28]

## V. Република Естонија

**Согласно Законот за основните и средните училишта**[29], сопственикот на училиштето креира можности за специјалните образовни потреби на ученикот и му ја обезбедува потребната помош. Директорот на училиштето назначува координатор за студиите на ученикот со посебни образовни потреби, чија должност е да организира внатрешна тимска работа потребна за поддршка на образованието и развојот, како и да координира учество во надворешните мрежи. Координаторот му дава поддршка и го надгледува наставникот, ги советува родителите и им дава предлози на наставникот и на директорот на училиштето за понатамошната образовна работа, како и за примена на мерки во училиштата заради поддршка на развојот на ученикот. Кога ќе стане очигледно дека на ученикот му е потребна помош, се известува родителот и училиштето организира педагошко-психолошка евалуација на ученикот и кога е потребно соработува со специјалисти од различни области. Најпрвин се обезбедува

---

[25] Член 54, став 1 и 2 од Законот за основите на образовниот систем на Србија https://www.mpn.gov.rs/wp-content/uploads/2021/08/Zakon-o-osnovama-sistema-obrazovanja-i-vaspitanja.pdf (пристапено на 17.11.2021 год.)

[26] Член 135, став 8 од Законот за основите на образовниот систем на Србија https://www.mpn.gov.rs/wp-content/uploads/2021/08/Zakon-o-osnovama-sistema-obrazovanja-i-vaspitanja.pdf (пристапено на 17.11.2021 год.)

[27] Медијатекар е лице кое управува со предметите и апаратите во медијатека. Медијатека е збирка на аудиовизуелни предмети и апарати (диафилмови, диапозитиви, елемент филмови, фолии и графофолии, каталози, графоскопи, кинопроектори, касетофони, магнетофони, илустрации и други кои обично се користат во училиштата за практична настава).

[28] Член 136, став 5, 6 и 9 од Законот за основите на образовниот систем на Србија https://www.mpn.gov.rs/wp-content/uploads/2021/08/Zakon-o-osnovama-sistema-obrazovanja-i-vaspitanja.pdf (пристапено на 17.11.2021 год.)

[29] Член 46, став 10 од Законот за основните и средните училишта на Естонија https://www.riigiteataja.ee/en/eli/513012014002/consolide/current (пристапено на 15.11.2021 год.)

генерална поддршка која вклучува индивидуални дополнителни насоки од страна на наставник, достапноста на специјалните сервиси за поддршка и каде што е потребно организирање на часови за помош при учење индивидуално или во група. Во случаите каде што со оваа помош не се постигнуваат саканите резултати за развој на ученикот, се овозможува засилена или посебна поддршка по препорака на надворешен советодавен тим и во таков случај ученикот се смета за ученик со посебни образовни потреби. При организација на образовната програма, училиштето се раководи од принципите на инклузивно образование. Заради постигнување на целите формулирани во програмата на ученикот и обезбедување на ученикот со потребната поддршка, помош при учење или групи формирани врз основа на определено ниво или посебни часови можат да бидат организирани како дополнување на постојните часови. Овие дополнителни часови мора да бидат организирани врз основа на разумна причина и согласно потребата на ученикот, временски да се ограничени и да се внимава на препораките на координаторот и на препораките од надворешниот советодавен тим. Со Законот и конкретно се предвидува **профилот на специјалистите за поддршка и помошниците коишто работат во областа на наставата и образованието**.[30] Специјалист за поддршка може да биде лице кое има завршено специјалистичка обука за поддршка, со професија логопед, дефектолог, психолог или социјален едукатор. [31]

**Надворешниот советодавен тим** може да:

- додели соодветна наставна програма за ученик со посебни потреби;
- препорача да се заменат или намалат резултатите од учењето пропишани во националната наставна програма за основните училишта или да предложи ослободување од изучување на задолжителен предмет;
- препорача потреба од специјалисти за поддршка;
- препорача услови потребни за инклузивно учење во училиштето и за спроведување на таквите студии.[32]

## VI. Кралство Шведска

Согласно Законот за образование на Шведска[33], се предвидуваат неколку модели на основно и повисоко средно образование, како што се задолжителното училиште, специјалното училиште и Сами училиште. Во сите три видови основни училишта **се предвидуваат мерки за рана поддршка на учениците**.[34] За ученик во основно училиште, задолжително училиште, специјално училиште и училиштето Сами, посебната поддршка се обезбедува на начин и во обем што е потребно за ученикот да ги постигне минималните барања за наставата.

[30] Поглавје 4, член 74, став 1 од Законот за основните и средните училишта на Естонија https://www.riigiteataja.ee/en/eli/513012014002/consolide/current (пристапено на 15.11.2021 год.)
[31] Поглавје 4, член 77, став 2 од Законот за основните и средните училишта на Естонија https://www.riigiteataja.ee/en/eli/513012014002/consolide/current (пристапено на 15.11.2021 год.)
[32] *ibid*
[33] Поглавје 1 од Законот за образование на Шведска https://www.riksdagen.se/sv/dokument-lagar/dokument/svensk-forfattningssamling/skollag-2010800_sfs-2010-800 (https://www.spsm.se/skolalternativ/undervisning-i-specialskola/ )- (пристапено на 17.11.2021 год.)
[34] Национална агенција за посебни образовни потреби и училишта на Шведска https://www.spsm.se/stod/rattigheter-lagar-och-rattigheter/garantin-for-tidigt-stod/ (пристапено на 17.11.2021 год.)

Посебната поддршка може да се обезбеди наместо школарината што инаку би ја имале учениците. Истата се обезбедува во рамки на групата/класот каде што редовно припаѓа ученикот, освен доколку не е определено поинаку со закон.[35] За утврдувањето на видот на посебните потреби на ученикот, задолжен е директорот на училиштето, а тој се грижи навремено да биде направено испитување за потребите на ученикот. Се прави испитување дали ученикот има потреба од посебна стручна поддршка во наставата, и доколку се покаже дека ученикот има потешкотии и дека е потребно, му се дава доплнителна поддршка.[36] Во таа насока се изготвува посебна наставна програма, преку која ќе ја добие потребната посебна стручна поддршка во текот на наставата. За воспоставувањето и спроведувањето на таквиот вид на поддршка, одговорен е директорот, кој се грижи за обезбедување на што е можно посоодветна настава за ученикот.[37] Врз основа на резулатите од националниот училишен тест, евиденцијата од останатите наставници за ученикот, податоците од старателите или родителите, или било каков друг податок кој наведува на тоа дека ученикот може да има проблеми во совладувањето на наставните предмети, а кои ќе бидат пријавени кај директорот, тој се обврзува навремено да бидат истражени посебните потреби на ученикот. Доколку истрагата покаже дека на ученикот му е потребна посебна поддршка, му се дава посебна поддршка и се изготвува програма за ученикот. **Посебната поддршка може да биде индивдуална, или групна, на повеќе ученици**.[38] Фазите на планирање и воспоставување на наставната програма, согласно закон се:

1. Наставниците го набљудуваат ученикот. Иницијативата може да дојде од училишниот персонал, соученик, негов старател или останати;
2. Наставникот разговара со ученикот;
3. Наставниците разговараат со друг училишен персонал кој е вклучен во работа со ученикот;
4. Наставникот разговара со старателите;
5. Наставникот разговара за можното решение со директорот;
6. Педагошкото планирање го прави персоналот на училиштето;
7. Наставниците се консултираат со директорот да одлучат која програма ќе биде воспоставена;
8. Наставникот свикува состанок, заедно со ученикот, родителите или старателите и соодветниот персонал доколку е потребно
9. Се носат одлуки за планот и следњето на воспоставената посебна наставна програма[39]

**Законот не дефинира поим „посебни потреби“. Постојат различни причини зошто ученикот има потреба од посебна поддршка. Многу ученици во одреден момент од нивното школување имаат тешкотии и потреба од дополнителна поддршка. На други ученици им е потребна поддршка во текот на нивните училишни години поради болест, социјални услови,**

[35] Член 7 од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf
[36] Член 8 од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf
[37] Член 12 од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf
[38] Дел Local procedures ( став 1и 5) од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf
[39] Дел Subject stages in planning and establishing an action од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf

**хендикеп или тешкотии во учењето, од сосема други причини. Одговорноста на училиштето е да обезбеди посебна поддршка на ученикот, и истата останува се додека ученикот не успее сам да ги совладува наставните содржини, без притоа да има потреба од дополнителната помош.**[40] Дефектолошка група или индивидуална настава за ученик во претходно споменатите училишта, подразбира дека помошта треба да се дава индивидуално или во друга наставна група, (посебни групи) од онаа каде што вообичаено припаѓа ученикот.[41] **Поддршката** во сите училишта, предучилишните установи, училиштата и образованието за возрасни, **ја обезбедува Агенција за посебни образовни потреби и училишта на Шведска.** Агенцијата нуди бесплатна поддршка во форма на развој на знаења и вештини низ цела Шведска.[42] Агенцијата има за цел да им обезбеди на децата, младите и возрасни лица со попреченост - да одат во предучилишни установи, училишта за образование за возрасни, за тоа како да функционираат во срeдините за учење, како и совладување, способност и развивање на нивните работни методи. **Агенцијата обезбедува советодавна помош, наоѓа наставни материјали, обезбедува дигитални алатки, алатки за оценување како поддршка, специјална образовна поддршка, развој на компетенции, специјални училишта и сл.** Бесплатна услуга во однос на советодавна помош подразбира, искусни специјалисти кои одговараат на прашања за педагошките последици од различни видови на попреченост. Веб-страницата има стотици објавени прашања и одговори. Исто така, има можност да се поставaт прашања по телефон или онлајн. Национална агенција за посебни образовни потреби и училишта на Шведска, Националната агенција за образование и шведскиот училишен инспекторат, се во заемна соработка, со цел спроведување на стратегијата на владата за политиката за попреченост во областа на образованието.[43]

## VII. Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

Синидикатот на образовен кадар „Унисон“[44], во Велика Британија, преку **платформата „Skills for Schools“,** онлајн водич за кариера, обука и развој за помошниот персонал во училиштата, **нуди специјализиран кадар за дополнителна поддршка во образовните институции, меѓу кои и профилот на „Асистент на наставникот“.** [45] Асистентот, меѓу другите задачи и обврски

[40] Дел Definition of special needs од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf
[41] Член 10 и 11 од Законот за образование на Шведска http://www.zsbrigadylm.edu.sk/comenius/needs/Children%20with%20special%20needs_Sweden.pdf (пристапено на 17.11.2021 год.)
[42] Национална агенција за посебни образовни потреби и училишта на Шведска https://www.spsm.se/om-oss/ (пристапено на 17.11.2021 год.)
[43] Национална агенција за посебни образовни потреби и училишта на Шведска https://www.spsm.se/om-oss/samverkan-med-andra-myndigheter-och-projekt/ (пристапено на 17.11.2021 год.)
[44] Интернет платформа на „Училишни вештини“- Велика Британија http://www.skillsforschools.org.uk/about-us/ (пристапено на 18.11.2021 год.)
[45] Интернет платформа „Училишни вештини“- Велика Британија http://www.skillsforschools.org.uk/ (пристапено на 18.11.2021 год.)

кои ги исполнува за време на наставата, во рамките на работата вклучува и работа со ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка.[46] За поддршка на учениците со посебни индивидуални потреби, некои асистенти работат еден на еден, додека други работат во мали групи. Многу училишта вработуваат асистенти со посебни специјалности, вклучувајќи литература, математика, посебни образовни потреби (ПОП), музичко и креативни уметности.[47] Како и сите деца, децата со посебни потреби имаат право на соодветно образование. Во 2014 година, англиската влада воведе голем број мерки да се реформира системот на образование за децата кои имаат посебни образовни потреби и попреченост.[48] Реформите беа поддржани и со законско решение, со Законот за деца и семејство.[49] Според новиот процес на проценка на планот за образование, здравје и заштита, се детализира поддршката за образование, здравствена и социјална заштита што треба да се обезбеди на дете или млад човек, кој има посебни образовни потреби. Истиот се изготвува од страна на надлежните во институцијата, по консултација со релевантен соработник или соодветни агенции. На веб-страницата на Владата на Велика Британија, се истакнати информации за дополнителната помош и поддршка на учениците со посебни потреби, и потребата од првично вршење на „проценка на потребите“, пред да се изработи план за видот на поддршката.[50] Планот за образование, здравје и грижа е наменет за деца и млади до 25 годишна возраст на кои им е потребна дополнителна поддршка, покрај онаа што постои во училиштето. Со изработениот план за потребите на ученикот, тој ќе добие поддршка во училиштето кое го посетува.[51] Согласно Законот за деца и семејства[52], функциите на надлежните во институциите вклучуваат поддршка на децата и младите земајќи ги во предвид:

(а) ставовите, желбите и чувствата на детето и неговиот родител или младите ;

(б) важноста на детето и неговиот/нејзиниот родител или младите што е можно повеќе да учествуваат во одлуките кои се однесуваат на извршувањето на односната функција;

(в) важноста на детето и на неговиот родител или на младите да им се обезбедат информации и поддршка неопходни за да се овозможи учество во тие одлуки;

(г) потребата да се поддржи ученикот/ученичката и неговиот или нејзиниот родител, или младите, со цел да се олесни развојот на детето или младиот човек и да му се помогне да ги постигне најдобрите можни образовни и други резултати.

---

[46] Интернет-платформа „Училишни вештини“- Велика Британија http://www.skillsforschools.org.uk/roles-in-schools/teaching-assistant/ (пристапено на 18.11.2021 год.)

[47] *Ibid*

[48] Страница 37 од публикацијата „Разбирање на животот на децата со попреченост“- Совет на деца со попреченост на Велика Британија https://councilfordisabledchildren.org.uk/resources/all-resources/filter/inclusion-send/disabled-children-legal-handbook-3rd-edition (пристапено на 18.11.2021 год.)

[49] Поглавје 1 од публикацијата „Посебните образовни потреби во Англија 2018 година“- Сектор за образование на Владата на Велика Британија (https://www.gov.uk/government/statistics/special-educational-needs-in-england-january-2018 ) (пристапено на 18.11.2021 год.)

[50] Интернетска страница на Владата на Велика Британија https://www.gov.uk/help-for-disabled-child/education (пристапено на 18.11.2021 год.)

[51] Интернетска страница на Владата на Велика Британија https://www.gov.uk/children-with-special-educational-needs/special-educational-needs-support (пристапено на 18.11.2021 год.)

[52] Поглавје 3, став 19 од Законот за деца и семејства на Велика Британија https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2014/6/contents/enacted (https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2014/6/part/3/crossheading/local-authority-functions-general-principles/enacted ) (пристапено на 18.11.2021 год.)

Право да поднесат барање за проценка на потребите на ученикот, имаат родителот на детето, младото лице или лице кое дејствува во име на училиште или институција.[53] Откако ќе се изврши проценка на потребите, надлежните мора да го известат родителот на детето или младиот човек за:[54]

а) резултатот од проценката;
б) осигурување на изработениот план за проценката
в) причините за таа одлука

Согласно Законот за образование[55], надлежната институција определува одговорно лице од редот на вработените во институцијата, кое ќе ги координира и организира образовните програми за учениците со посебни потреби. Тие лица мора да имаат стекнато посебни пропишани квалификации или искуство во областа на инклузивното образование.

Изработила: Александра Стојановска Бизевска

Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

Златко Атанасов

[53] Поглавје 3, став 1 од Законот за деца и семејства на Велика Британија https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2014/6/contents/enacted (пристапено на 18.11.2021 год.)
[54] Поглавје 3, став 9 од Законот за деца и семејства на Велика Британија https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2014/6/contents/enacted (пристапено на 18.11.2021 год.)
[55] Поглавје 4, став 317 (3а и 3б) од Законот за образование на Велика Британија https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1996/56/contents (https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1996/56/section/317) (пристапено на 18.11.2021 год.)

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Закон за основното образование на РСМ

https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf

2. Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент и начинот на Селекција и избор на образовен/личен асистент

https://dip.gov.mk/wp-content/uploads/2021/04/2021_pravilnik_nachin-na-pobarauvanje-asistenti.pdf

3. Интернетска страница на Влада на РСМ

https://vlada.mk/node/26176

4. Интернетска страница на Министерство за образование и наука

https://mon.gov.mk/content/?id=4139

5. Интернетска страница на Министерство за труд и социјална политика

https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-pocna-implementacijata-na-programata-opshtinsko-korisna-rabota.nspx

6. Публикација за истражувањето на Бирото за развој на образованието- „Актуелната состојба на инклузија на децата со посебни образовни потреби во основното образование во Република Северна Македонија“

https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Aktuelna-sostojba-na-inkluzija-na-deca-so-posebni-obrazovni-MK.pdf

7. Правилник за основно и средно образование за учениците со потешкотии во развојот на Хрватска

https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2015_03_24_510.html

8. Закон за образование во основно и средно училиште на Хрватска

https://www.zakon.hr/z/317/Zakon-o-odgoju-i-obrazovanju-u-osnovnoj-i-srednjoj-%C5%A1koli

9. Закон за основно образование и воспитување на Србија

https://www.mpn.gov.rs/dokumenta-i-propisi/zakonski-okvir/

10. Закон за основите на образовниот систем на Србија

https://www.mpn.gov.rs/wp-content/uploads/2021/08/Zakon-o-osnovama-sistema-obrazovanja-i-vaspitanja.pdf

11. Закон за основните и средните училишта на Естонија

https://www.riigiteataja.ee/en/eli/513012014002/consolide/current

12. Законот за образование на Шведска

https://www.riksdagen.se/sv/dokument-lagar/dokument/svensk-forfattningssamling/skollag-2010800_sfs-2010-800

(https://www.spsm.se/skolalternativ/undervisning-i-specialskola/

13. Национална агенција за посебни образовни потреби и училишта на Шведска

https://www.spsm.se/stod/rattigheter-lagar-och-rattigheter/garantin-for-tidigt-stod/

14. Интернет-платформа „Училишни вештини“- Велика Британија

http://www.skillsforschools.org.uk/

15. Интернетска страница на Владата на Велика Британија

https://www.gov.uk/help-for-disabled-child/education

[1]6. Интернетска страница на Владата на Велика Британија

https://www.gov.uk/children-with-special-educational-needs/special-educational-needs-support


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384